Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Февруари

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор) | Идентификува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/ слушнала | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците преку презентација се запознаваат со музичкото народно творештво (народните песни, ора и инструменти). Кои песни се викаат народни песни? (Песните на кои не им се знаат авторите. Народот пеејќи ги ги пренесува од генерација на генерација). Какви можат да бидат народните ора? (Машко оро, женско оро, мешано оро). Кои се народни инструменти? (Тапан, тамбура, кавал, тарабука, дајре, зурла...)<br>Учениците набројуваат кои народни ора, песни и инструменти ги знаат, а наставникот ги запишува. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците преку активноста „На буква“ се запознаваат со звуците и каректеристиките на народните инструменти: (https://nabukva.mk/vnoti/?fbclid=IwAR1wVvpGLCYfFDbxYNoDLh01Vs-9KqUKZKWOOCt3CjJx25YcWmiSnqOdm3A – звуците на народните инструменти).<br>Потоа следат аудиозаписи/видеозаписи од народни песни и народни игри/ора и ги идентификуваат музичките инструменти, ги определуваат карактеристиките на песните/ората и дискутираат за сличностите и разликите во звукот.<br>(Дадени се повеќе примери на аудиозаписи/видеозаписи од народни песни и народни игри/ора од наставната програма, наставникот сам определува кои ќе ги користи при реализација на активноста)<br>https://www.youtube.com/watch?v=UzsXEIRfD50&ab_channel- Солист НУ „Танец“, Филка мома“<br>https://youtu.be/Fg0Z8lOyYk4 Не стој Доне Донке - детски хор „Македонски ѕвончиња“ и група „Калабалак“<br>https://youtu.be/RXOB1hWQUHw Битола мој роден крај - детски хор „Македонски ѕвончиња“<br>https://youtu.be/RnJHUHkrfQo Го пратиле дедо в'планина - детски хор „Македонски ѕвончиња" (20 мин.) | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор); наставен лист | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците пополнуваат наставен лист „Народна песна“<br>https://www.liveworksheets.com/w/mk/muzichko-obrazovanie/992061<br>(10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувате? Што го сочинува музичкото народно творештво? Кои песни се народни? Кои се народни инструменти? Каква е музиката што ја слушавте? Наброј ги инструментите кои се застапени во песните и ората кои ги слушавте? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор) | Идентификува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/слушнала. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците одговараат на прашања поставени од наставникот со кои се активираат предзнаењата за народно творештво и елементите на народното творештво.<br><br><br>Акцент се става на музичкото народно творештво (народните песни, ора и инструменти). Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците преку видеозапис се запознаваат со народните обичаи, https://www.youtube.com/watch?v=enXw5SuU9qo/<br>Народни обичаи - Свадба, Саса, Македонска Каменица, а потоа изработуваат книга/пано „Богатството на нашите претци“ во кои преку илустрации и текст ги претставуваат песните/ората/обичаите.(Свадбени обичаи, обичаи за празникот Прочка, Ѓурѓовден, Курбан Бајрам...) (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ја/го презентираат книгата/паното. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Како се чувствувавте? Кои | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>хартија во боја<br>прибор за пишување, боење, лепак, ножици, печатач, хамер | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |


resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | се елементите на народното творештво? Што го сочинува музичкото народно творештво? Што се народни обичаи ?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор) | Идентификува и наведува најмалку една композиција од секој од видовите музика | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците преку техника „Грозд“ набројуваат видови музика и композиции/песни од различните видови музика.<br><br><br>Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците слушаат кратки делови од различните видови музика. Учениците се делат на две групи (новинари и слушатели) за да играат „Интервју“. Со помош на наставникот смислуваат прашањата за музичкиот слушател: Која е твојата омилена композција/песна/итн. Зошто ти е омилена? Кој композитор го знаеш? и сл. „Новинарите“ ги поставуваат прашањата, а | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>хартија во боја<br>прибор за пишување, боење<br>блок | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | „слушателите“ ги одговараат. Потоа улогите се менуваат (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>„Мојата омилена композиција/песна“ - Секој ученик наведува која /композицијапесна му е омилена, зошто, какви чувства буди кај него, од кој вид музика е, а потоа ја илустрира. (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Кои видови на музика ги знаете? Дали наведувавте композиции од различните видови на музика?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |


resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор) | Идентификува и наведува најмалку една композиција од секој од видовите музика | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците повторуваат за видовите музика: класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика. Што е карактерисктично за секој вид музика?<br>Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот пушта аудио/видео запис од различни видови музика: класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика.<br>Учениците, поделени во групи, учествуваат во квиз за погодување на видот на музиката врз основа на сегменти од мелодии/композиции кои им ги пушта наставникот.<br>https://www.youtube.com/watch?v=8cJSbWtTia4 Мусоргски: Балетот на неиспилените пилиња - оркестар, анимација https://www.youtube.com/watch?v=OxJLBq2R44s Оро без граници, детски хор „Гласот на децата на Скопје“<br>https://www.youtube.com/watch?v=CkSgqAOwUtw&list=PLIYQqiinoJ49bCTXst_RJQDPizSf-BVbq Книга за џунглата – Могли<br>https://www.youtube.com/watch?v=Z8bRVeZ91IM<br>Јовано, Јованке - Тоше Проески (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Секој ученик треба да наведе барем по една композиција од секој вид на музика. Композициите ги запишуваме на табла, а потоа се врши избор на една композиција по која учениците литературно/ликовно/со движење се изразуваат. ( 10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Кои видови на музика ги слушавте? Како се чувствувавте додека ја слушавте музиката?. Дали наведувате композиции од различните видови музика?.....<br>(Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>блок<br>прибор за пишување, боење<br>табла<br>маркер/креда | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk